# 118. АЈ ДА БЕГАМЕ, МОРИ ВАСЕ




Ај да бегаме, мори Васе, ај да бегаме,
ај да бегаме града Солуна.

Там ќе најдеме, мори Васе, там ќе најдеме,
там ќе најдеме мома Спасија.

Мома Спасија, мори Васе, мома Спасија,
мома Спасија болна легнала.

И повикала, мори Васе, и повикала
и повикала до три доктури.

Први му вели, мори Васе, први му вели,
први му вели: не се лекува.
Втори му вели: од мерак лежи:
трети му вели, мори Васе, трети му вели,
трети му вели: јас ќе ја леквам,
јас ќе ја леквам и ќе ја земам.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995